
АНАСТАСОВ
ANA
SOV

**УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА СКОПЈЕ**
**ART GALLERY SKOPJE**

# АНАСТАСОВ
# ANASTASOV

SOFIA • ISTANBUL • PARIS • ZAGREB • SKOPJE
2000/2001



# ЈА СЛУШАМ САМО СОПСТВЕНАТА ДУША

Разговор со Родољуб Анастасов
***Викторија Васева-Димеска***

*Родољуб Анастасов е еден од најзначајните автори во рамките на современото македонско сликарство, творец со особен сензибилитет и исклучително богат опус низ кој со сигурност може целосно да се согледа една нагорна развојна линија и исклучително содржајна и разновидна ликовна лексика.*

*Минувајќи низ поголем број фази во кои ликовно елоквентно и достојно ја спроведува својата идеја и јасно го елаборира својот ликовен код, Анастасов внимателно, студиозно и крајно професионално длабоко навлегува во структурата и суштинските проблеми на една ликовна поставеност, грижливо ја расчленува, аналитички ја "разглобува", за да дојде до дефинитивна лична визија и визура за одредена ликовна премиса. Таа премиса, особено во подоцнежните циклуси, е насочена кон посложено и покомплексно навлегување во проблемите на уметноста воопшто, и особено во масмедиумите. Неодамна конечно беше направен овој сеопфатен, сложен и доследен ликовен ангажман - на кој досега не му е посветено онолку внимание колку што заслужува, или е инцидентно и бегло допрен и иницииран - сеопфатно да се прикаже, во монографска студија за овој значаен творец, (Владимир Величковски, Родољуб Анастасов, Табернакул, Скопје, 1944). Но со неа, секако, не се исцрпени прашањата за неговата досегашна ликовна дејност.*
*Овој разговор е само обид да се загатнат некои од енигмите што битно влијаеле и влијаат врз начинот кој Родољуб Анастасов ја визуелизира својата идеја.*

*Далеку зад нас се годините кога ја започнавте вашата "ликовна авантура". Сеќавањата бледнеат, но сепак, сигурно има некои нешта што не се заборааат - пресудните чекори, почетните барања и определувањето за еден духовен говор...?*

Поскоро би го употребил изразот "животна авантура" зашто зборот "ликовна" за мене е идентичен со зборот "животна". Уште на почетокот, цврсто бев решил да бидам сликар - јас не можев да бидам ништо друго освен сликар. Во 1962 година практично го докажав мојот животен став, кога во пресудните години од мојот живот, токму на почетокот од мојата сликарска (животна) кариера, јавно и гласно го покажав мојот личен став. И многу рано ми беше потврдено дека животот е бескомпромисен, полн со нечесности, со низок морал, а етиката и акцијата нарушени, дека сé е исполитизирано и дека луѓето полека стануваат биолошки, а не духовни суштества.

Да, животот е полн со многу ветришта на искушенија, тој е пренатрупан со евтини помодарства, интереси, клановски определби, а јас откако знам за себе, секогаш ја слушав само сопствената душа.

*Кои се причините, а кои последиците на евентуален погрешен чекор?*

Секоја единка, ако е личност, има своја сопствена природа, која е многу различна од другите, и тоа никој не може да го измени; според тоа - секој се беси на своето јаже.

*Кои се и како се раѓаат тие прекрасни, волшебни мигови на едно сознание дека токму тој потег требаше да се направи на платното, дека тоа е оној вистински миг кога се остварува или почнува да се остварува внатрешната желба?*

Ако се има долга, перманентна, успешна и плодна активност, по сето тоа, со време, се случува тој "волшебен миг". Во оваа состојба за потегот не се ни размислува, тој е природен дел, од "чинот".

Процесот на остварувањето на *внатрешната желба* е многуслоен, и не може едноставно да се објасни, Потребно е целосно впрегнување, односно обидинување на сите сили на телото, умот и духот. Значи, дисциплинирање и развој на разумот, интелектот, емоциите и волјата да се постигне толку важната самореализација.

*Поминавте низ повеќе "пласатови" на ликовно искажување, низ поголем број фази во вашиот ликовен изразз. Можете ли да определите граница, да посочите еден миг, кога академското, научното, се претопува или преминува во лична нота, во индивидуален исказ или во дијалог со самиот себеси?*

Уште на многу млади години, спонтано навлегов во ликовните проблеми. Спонтаноста на творењето ќе остане мојата одлика со децении по моето дипломирање и ќе создаде сигурен континуитет во моето творештво.
Експериментите ќе станат моја животна авантура и ќе се испреплетуваат еден со друг, како алки од долг синџир. Таква ми беше "срејата", та приемниот испит на Академијата во Белград морав три пати да го полагам. Тие години јас не ги сметам за загубени (како што тоа го прават сегашните генерации); напротив, интензивно сликав и бидејќи имав солидна основа, јас веќе во првата година бев студент надвор од сите категории. Според тоа, немав никаков проблем, а и ден-денеска, не можам да се сетам за тоа претопување, како што рековте, од академското научно во лична нота. Веројатно поради моето вродено чувство за спонтаност, за мене овој проблем никогаш не постоел.

*Бидејќи станува збор за еден сериозен, комплексен, плоден и значаен ликовен говор, што несомнено учествува во профилирањето на македонската современа уметност, вашето творештво беше предмет на разновидни толкувања на поголем број историчари на уметноста. Како вие самиот ги гледате искажувањата на моите колеги?*

Во 1990 година имав самостојна јубилејна изложба во Уметничката галерија во Скопје, инаку посветена на моите родители и браќа. Во каталогот за таа изложба, под наслов "Кажувања за Радољуб Анастасов", беа собрани текстовите од 30 познати и видни критичари и историчари на уметноста од сите држави на покојната Југославија. Одамна сум го формирал ставот за вториот дел од вашето прашање и секогаш сум велел дека секој е одговорен пред себе, пред јавноста и пред јавното мислење кога ќе го стави својот потпис под каков било труд. Сликарското дело останува едно единствено (тоа во суштина не се менува), додека пак текстовите и мислењата за него ќе ги има и многу и различни и со време ќе се менуваат.

*Веќе ги спомнавте циклусите. Зошто токму циклуси? Дали тоа одбележува почеток и завршница на едно размислување, идеја, ракопис што бил предизвикан од нешто?*

Циклусите во моето творештво се присутни и ги користам дури во втората половина од мојата досегашна ликовна продукција. Ова го правам од објективни и практични причини, бидејќи се работи за обемна стуктурална мисла и сликарска филозифија, што се сведува на долгогодишен работен процес.

*Каде ќе почне вашиот нов цилус?*

Поради се уште напластените проблеми и внатрешните длабоки интересирања (интереференции) за феномените на просторот, времето и светлината, ќе ми дизволите, се уште да останам во длабочините на мојот свет и да присоберам уште некој бисер, па дури потоа да помислам да почнам, ако даде Бог, нов циклус...

*Речиси во сите ваши дела преовладува една мека, мирна згасната тонска игра. Топли кафеави, зеленикави премини што го иницираат и (зависно од интензитетот на бојата) светло-темните ситуации?*

Отсекогаш ме восхитувале големите неимари и величествените мегалополиски урбанистички решенија, но, сосема логично, гледано од аспект на сликар. Таквиот начин на изразување на моите чувства, се трудам, преку моите визии, да го спроведам во моите дела, Според тоа, најголемиот дел од времето го минувам во борба да го



**Во потрага по изгубениот простор II, 1972**

освојам просторот на овој начин и да ја доловам целината во делото. А за она што ме прашувате, за феноменот на бојата, можам да ви кажам дека воопшто не размислувам, "таа" едноставно доаѓа и се впива во платното. Среќен сум за дарот што го добивам, но не знам кому да му се заблагодарам.

*Си спомнувам добро на една извонредна слика од поранешниот период која често ја имам гледано во вашето ателје и што јас ја нареков "клопче". И тоа клопче како да има некоја симболична порака за траењето, за просторот и времето, како се уште да трае низ вашите дела?*

Да, таа слика е дел од мојата домашна збирка, а е регистрирана како *Скопски староградски амбиент II*, 1968. Инаку, таа е вклучена во монографијата. Како што и сами забележавте, во тоа дело се гледа порака: за траењето за просторот и времето, и дури сега се начнува проблемот и се откриваат многуте нешта, а тоа е дека процесите во подоцнежните циклуси "Човек и простор", "Човек и време" и "Небо и човек" не се од поново време, туку дека станува збор за процес што трае со децении. како што гледате, доаѓаме до одговорот дека творецот во својот живот го слика својот единствен циклус, односно својот животен циклус.

*Во еден период бевте ригорозно казнет, поради смелоста да имате личен став околу одредени прашања за функционирањето на човекот и неговата сензибилна личност, за неговиот витален систем, наспроти догмите и табуата на дадената ситуација во општеството. Како тогаш духовно, емоционално, ја доживеавте и преживеавте оваа казна, и како денес гледате на оваа немила случка?*

Живеев во едно од најтешките времиња во овој век. Тој период беше казнет дури и од Бога. Нечовечноста што јас ја доживеав го достигна оној степен кога поимот човек веќе не се ни употребуваше, сите бевме броеви. Животот на броевите беше сведен на нула. Ако еден од тие броеви му го одземеше животот на друг број; таквиот одземен живот вредеше само неколку дена казна. Како должност на идните поколенија ќе им остане да ја изучуваат тирани-

јата, што е длабоко врежана во светската историја...

*Понатаму, сепак, "прозорецот" се повеќе се отвара, жалузините и "пердињата" од тешки метални шипки пред кои и зад кои се случуваше енигмата на вашиот таинствен свет полека се креваа, отворајќи нови хоризонти кон човекот на просторот. Дали е тоа резултат на веќе преболената болка или резултат на една лична визија за отуѓеноста воопшто?*

Да, на повидок е се уште враќањето или зачувувањето на тие корења, и едното и другото се толку мегусебно испреплетени што создаваат една целина.
"Прозорецот", "пердињата", под заедничкиот поим "отвор", ќе се претворат во единствен излез од тегобата, поединецот ќе стане слободен, но не за да управува со самиот себеси, зашто тој сé уште не ја остварил ни својата индивидуалност. Тој сé уште ќе биде далеку од својата свест дека си го нашол местото под ова сонце.
Визијата за отуѓеноста ќе стане животна определба, а пак просторот "простор на безнадежноста".

*Светлината е еден од примарните елементи во вашиот говор. Каде му е изворот? Што осветлува и што разоткрива?*

Светлината за мене е животен феномен и проблем во творештвото каде што не се може без негово ликовно разглобување. Светлината е извор во сликарството и сила којашто отсекогаш го поврзувала човекот со космосот. И, ако сакаме и да можеме повторно да се родиме првиот, момент што ќе го посакаме, ќе биде светлината. За светлината може да се зборува со денови.

("Културен живот" 3-4/95)



**Во потрага по изгубениот простор VIa, 1973**

## *Д-р Ружа Маринска, директор*

***Национална Уметничка Галерија - Софија***

Средбата со македонскиот уметник Родољуб Анастасов за мене е откритие.

Не знам што е поважно кај него - умтничката позиција ( во Исусовата возраст ја открил својата тема и веќе триесет години ја развива - браздејќи се подлабоко и подлабоко) или уметничкиот капацитет и душевната големина (зашто варијациите на тема "пространство" се потврда за високиот степен на дарбата.

Сликите на Родољуб Анастасов се паметат.

Во основа на неговата реакција, верувам, е чувството. Но тоа, чувството, сублимирано е во една речиси недосетлива супстанца - се претворило во повеј, во сенка, во облак. Уште повозбудливо е дека кодот на таа метаморфоза е концептуален. Уметникот фокусирал еден мотив - ролетните. Самите ролетни, пак, банален делничен производ на новото време, не нудат живописни (уметничи) можности. Но кај Родољуб Анастасов тој мотив добива силно уметничко полнење и отклучува неочекувани инвенции. Ролетните се осмислени како особена просторна граница. Тие не кријат од надворешни агресии, но по наша волја да пропуштаат зрак светлина или да ни овозможат поглед надвор. И ние секогаш сме затворени, а светот е од другата, од надворешната страна - поскоро насетуван отколку спознатлив. единствен негов вестител е светлината. Под четката на Анасатсов таа се расејува во безбројни варијации со боја на воздух. Така тој стилистиката на хиперреализмот ја обогатува со својот оригилнален и силен талент. До крајот на 70-те невидливо присутен во неговите слики, во нив влегува човекот, се раѓа циклусот "Човекот и просторот", кого сликарот го продолжува до денес. Ролетните се разотвориле и тој погледнал од надвор и од високо. Нема значение на кој кат е неговотот ателје. Изборот на гледната точка е мисловен феномен. А единката одозгора нема цена. Затоа во сликите на Родољуб Анастасов човекот не е сам - тој чекори со другите, меѓу другите. Цртата на секој, како и сенката од неа фрлена имаат смисла само како дел од заедничката судбина. Како што и судбината на секого се чита во општата книга на времето. И сеедно е дали тоа човештво е тука, на Земјата, или на далечни планети. Сеедно е и дали тоа во својот од е ограничено од геометриски конструкции или се стопува во бескрајот на Универзумот.. Можеме многу да зборуваме за филозофијата на пространството кај Родољуб Анастасов. Исткаена од мноштво откртија, а исто така и наслаги на преживеаното, таа е реализирана во еден богат и сложен живопис; макар наизглед толлку воздушест.

Природен и срдечен во директен контакт, со своето сликарство Родољуб Анасатсов респектира и не упатува кон далечни хоризонти.

Човек и простор CXXXI, 1997





Во потрага по изгубениот простор VIб, 1973

Пред една деценија кога за прв пат ја посетив Македонија, при што посетив повеќе сликарски ателјеа, не можев да замислам дека ќе сретнам сликар со толку големо значење и во исто време со толку голема скромност. За нас Источна Европа се отвораше, ги отвораше своите тешко затворени врати. По 50 години сликарство во коешто доминираше идеолошката пресија, за мене беше неверојатно чувството при откритието на делото на Анастасов кое беше сосема чисто и ослободено од политичките текови.

Во таа смисла би можел со сигурност да тврдам дека не само што Родољуб Анастасов е најголемиот македонски сликар, туку е и еден од најголемите сликари на Источна Европа, а само Господ знае колку ателјеа сум посетил не само во Европа туку и во Азија. Ова го велам од проста причина што тој ја допира длабочината на човечката душа бидејќи тоа не е илустративно сликарство туку сликарство на човечката драма. Тоа ја допре најчувствителната точка на модерната цивилизација, независно дали се работи за социјалистичкото или за капиталистичкото општество, а тоа е: невозможноста за комуникација меѓу луѓето.

Независно каде и да го фрлите вашиот поглед, меѓу облакодерите на Њујорк или непрегледноста на источните градови, секаде е таа иста слика на безброј големи човечки фигури што одат во некој правец, се разминуваат бе да се погледнат, без никогаш вистински да се сретнат меѓу себе. Тој универзум на студени насмевки, на луѓето што одат само кон својата преокупација, тоа е она што ниту еден друг сликар во светот не го разбра толку силно како Родољуб Анастасов.

Во таа смисла сега одам и уште подалеку и велам дека не само што е голем европски сликар, туку тој ќе има големо место и во универзалната историја на уметноста. Во исто време неговиот зафат го допре и срцето и општата човечка драма. Од друга страна, тој не беше индиферентен и кон другите уметности, бидејќи во неговото дело се чувствува присуството на филмот, како движење на филмските слики. Тоа е еден вид кадрирање на ликовниот простор со луѓето што се движат низ бездната на постоењето без вистински да се осознаат еден се друг.

И овој миг на неговата присутност во светот е многу невообичаен бидејќи во неговиот мал апартман ние ја видовме неговата величина и неговата скромност и преку неговата слика "Автопортрет" во која тој го учи да пее своето врапче, какошто ја учи да пее неговата сликарска четка.

И сега ќе ви го кажам и моето најдлабоко чувство: за него може да се рече дека е сликар и на улицата, што е одлика на американското сликарство "real painting". Американците се најчесто плакатисти, но никогаш не допреа до она што е длабочина на човечкиот бескрај. И во таа смисла она што вистински ги разликува е основната и пресудна причина што Родољуб Анастасов ја запозна тежината и апсурдноста на своето време бидејќи сам ги вкуси робијашниците.

Тој можеше и таму бескрајно да се прашува самиот себеси за тоа што е човекот, што е неговата мистерија, што е причината за невозможноста да се разбере еден со друг, и зошто не се случува љубовта којашто е вечно барана од него и неговите созатвореници. Каде е таа љубов што се претвора во неговото сликарство, во кое ги гледаме луѓето како мравки во галоп? Тогаш ние чувствуваме дека тој бескрајно ги сака тие луѓе бидејќи неговите слики се всушност рефлексии за разврската на една епоха. Тука во сликите се живее во еден свет на тешки искушенија, независно на која страна на планетата.

Карактеристиките на неговото место во светски рамки се разликува од другите. Не може да се најде таков сликар ниту во Русија ниту во Америка. Не постои сликар што го отворил овој тематски опус. И кога неговото сликарство пред седум години беше откриено во Париз тоа претставуваше еден голем шок бидејќи луѓето не беа навикнати на таков вид сликарство, и преку ноќ тој се најде во центарот на светските збиднувања како што е HOTELL DROUOT.




**Човек и време II, 1977**



Човек и простор CXXII, 1995



**Во потрага по изгубениот простор XV, 1976**



Човек и простор XLI, 1982




Човек и простор CXXXIII, 1998




Човек и простор CXXVI, 1997



Човек и простор CXXX, 1997



**Човек и простор С, 1990**



Човек и простор XCIX, 1990



Човек и простор XCVI, 1989/90



Човек и простор CXXXVI, 1999



Човек и простор CXXXVII, 1999



Човек и простор CXI, 1993

**РОДОЉУБ АНАСТАСОВ**, сликар, професор по сликарство на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, некогашен политички робијаш од Голи Оток, е роден 1935 година во Скопје, Македонија. Академија за ликовна уметност завршил во Белград. Член е на Друштвото на ликовните уметници на Македонија. Пет години бил член на меѓународната група "Униј". Четири години бил член во Сенатот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Својот живот го посвети на сликарската уметност, а како втора определба од 1968 година му е и ликовно педагошката дејност.

Има остварено **23** самостојни изложби: **4** во **Скопје**; **2** во **Нови Сад**, (Југославија); **2** во **Париз** (Франција); **Љубљана** и **Марибор** (Словенија); **Белград** и **Зрењанин** (Југославија); **Сараево, Тузла** и **Мостар** (Босна и Херцеговина); **Загреб, Пореч, Бузет, Ровињ, Лабин, Пазин** и **Пула** (Хрватска), **Прилеп** (Македонија).

Учествувал на околу 400 групни изложби во Македонија и во светот, меѓу нив позначајни: Медитеранско Биенале (2 пати), Александрија (Египет); Светско триенале, Њу Делхи (Индија); Меѓународна изложба на оригинален цртеж (5 пати), Ријека (Хрватска); Триенале на југословенската ликовна уметност (3 пати), Белград (Југославија); Ангажирана уметност во Југославија 1919-1969, Словењ Градец (Словенија); Квадриенале на југословенскиот портрет (4 пати), Тузла (Босна и Херцеговина); Балканско Биенале, Букурешт (Романија); Биенале на југословенскиот акварел (4 пати), Карловац (Хрватска); Југословенска уметност на 20. век - Југословенско сликарство на шестата деценија, Белград (Југославија); Интернационално триенале на цртеж, Нирнберг (Германија); Единбуршки гестивал, Единбург (Велика Британија) итн. Меѓу другите излагал и во: Бејрут, Дамаск, Ферара, Багдад, Истанбул, Триполи, Анкара, Каиро (2), Париз (4), Ним, Шел, Ковентри, Пиатра Неамц, Рим (2), Јаши, Улан Батор, Грац (2), Хелсинки, Далборг, Осло, Хеинаку, Даблин, Единбург, Ланкашир, Атина, Глазгов, Пекинг (2), Белфаст, Братфорд, Јинан, Броцлав, Тулон, Нанкинг, Никозија (2), Варшава, Ајдховен, Букурешт (2), Лисабон, Евора, Штутгарт, Порто, Ле Сен-Сурмер, Коимбра, Порта Делгада, Фуншал, Салон де Прованс, Темпи, Келн, Сент Квентин, Гринзборо, Леверкусен, Валета (2), Москва, Ричмонд, Токио, Мериленд, Диселдорф, Софија, Њукасл итн.

Добитник е на 33 награди, од кои: национални 13, во Југославија 7, во Босна и Херцеговина 6, во Хрватска 5 и во Египет 2 (на VIII и XIV Медитеранско биенале во Александрија).

Вклучен е во следните поважни лексикони: "International Who's Who of Intellectuals" (1999) во издание на Интернационалниот биографски центар во Кембриџ; "Five Hundred Leaders of Influence" во издание на Американскиот биографски институт; "The International Directory of Distinguished Leadership", како еминентна личност наведена во меѓународно и национално признати биографски дела; "Die Bildende Kunstler aller Zeiten und Volker" (1986) во издание на Thieme-Becker Kunstlexikon од Лајпциг; "Ликовна енциклопедија Југославије" (1987) во издание на Југословенскиот лексикографски завод "Мирослав Крлежа" од Загреб; On Paper Gallery, Miniature Contemporary Art Museum (1989) од Artists Works, Токио-Јапонија итн.

Добитник е на "Медалјата на честа - 2000 Милениум" на Американскиот биографски институт како личност која оставила длабок белег во развојот на севкупното светско општество.

Како признание за посебен придонес добитник е на "Плакета на Универзитетот Св. Кирил и Методиј", по повод 50 годишниот јубилеј.

## СПИСОК НА ДЕЛА

1. **Во потрага по изгубениот простор II, 1972**
масло на платно, 160x131см.*
(сопственост: авторот)**

2. **Прошетка низ пределот поради причина IV, 1972**
100x100см.

3. **Во потрага по изгубениот простор VIa, 1973**
120x70см.

4. **Во потрага по изгубениот простор VIб, 1973**
100x100см.

5. **Во потрага по изгубениот простор XI, 1974**
100x120см.

6. **Посвета, 1974**
138x138см.

7. **Вертикали на едно постоење II, 1974**
120x100см.

8. **Спектар на светлосниот извор I, 1974**
60x100см.

9. **Спектар на светлосниот извор II, 1974**
100x100см.
(сопственост: Музеј на современата уметност-Скопје)

10. **Во потрага по изгубениот простор X, 1974**
100x70см.

11. **Во потрага по изгубениот простор XIII, 1975**
120x100см.

12. **Во потрага по изгубениот простор XIV, 1975**
71x175см.
(сопственост: Музеј на современата уметност-Скопје)

13. **Во потрага по изгубениот простор XV, 1976**
60x100см.

14. **Човек и време II, 1977**
130x160см.

15. **Човек и време IV, 1978**
пастел, 72x50

16. **Човек и време V, 1978**
130x160см.

17. **Човек и простор III, 1978**
105x135см.

18. **Човек и простор XI, 1979**
пастел, 58x83см.

19. **Автопортрет, 1979**
180x65см.

20. **Човек и простор XVIII, 1980**
пастел, 60x84см.

21. **Човек и простор XXX, 1981**
пастел, 58x78см.

22. **Човек и простор XLIII, 1982**
105x140см.

23. **Човек и простор XLIV, 1982**
100x120см.

24. **Човек и простор XLVIII, 1983**
130x160см.

25. **Автопортрет со птица, 1985**
пастел, 100x65см.

26. **Човек и простор LIX, 1985**
пастел, 65x100см.

27. **Човек и простор LXII, 1985**
пастел, 58x78см.

28. **Човек и простор LXV, 1985**
пастел, 100x65см.

29. **Човек и време VIII, 1988**
пастел, 65x100см.

30. **Човек и простор LXXXIII, 1988**
пастел, 78x58см.

31. **Човек и простор LXXXIV, 1988**
пастел, 78x58см.

32. **Човек и простор LXXXVIII, 1989**
пастел, 57x57см.

33. **Човек и простор LXXXIX, 1989**
пастел, 100x65см.

34. **Човек и простор XCII, 1989**
пастел, 65x100см.

35. **Човек и простор XCIV, 1989**
пастел, 30x50см.

36. **Човек и простор XCVI, 1989/90**
130x160см.

37. **Човек и простор XCVII, 1990**
пастел, 90x63см.

38. **Човек и простор XCIX, 1990**
100x120см.

39. **Човек и простор C, 1990**
73x110см.

40. **Човек и простор CIII, 1991**
пастел, 102x65см. (диптих)

41. **Човек и простор 13-A, 1991**
акварел, 76x56см.

42. **Човек и простор 14-A, 1991**
акварел, 76x56см.

43. **Човек и време IX, 1992**
пастел, 25x50см.

44. **Човек и простор CXI, 1993**
100x100см.

45. **Човек и простор CXXII, 1995**
100x120см.

46. **Човек и простор CXXVI, 1997**
73x55см.

47. **Човек и простор CXXX, 1997**
66x86см.

48. **Човек и простор CXXXI, 1997**
66x86см.

49. **Човек и простор CXXXIV, 1998**
66x66см.

50. **Човек и простор CXXXV, 1998**
86x66см.

51. **Човек и простор CXXXVI, 1999**
100x130см.

52. **Човек и простор CXXXVII, 1999**
100x130см.

* Сите дела, освен таму кадешто е посебно назначено, се работени во техниката масло на платно.

** Сите дела, освен таму кадешто е посебно назначено, се сопственост на авторот.




**Човек и простор CXXXV, 1998**

Корица: "Човек и простор CXXXIV" - 1998

**Организација Уметничка галерија Скопје**

Издавач: Уметничка галерија Скопје, Крушевска 1а, Скопје, Р. Македонија
Тел. ++ 389 (0)91 133 102; Факс: ++ 389 (0)91 126 856 E-mail: artgall@mt.net.mk
Одговорен уредник: Викторија Васева Димеска
Организација на изложбата, каталог и биографија: Златко Теодосиевски
Ликовно обликување: Денко Матевски
Соработник: Маја Неделкоска
Лектура: Миле Неделковски
Слајдови: Марин Димески, Борис Габершчик (14, 15, 20, 23 стр.)
Печати: Скенпоинт; Тираж: 1200

CIP - Каталогизација во публикација Народна и универзитетска библиотека"Св. Климент Охридски" - Скопје

75.037 (497.7) (06.064) Анастасов, Р.
74.037 (497.7) (06.064) Анастасов, Р.

ISBN 9989-694-30-3
COBISS - ID 37359370

